ЈАВЕН ПОВИК
за финансиска поддршка на граѓански организации кои работат во областа на животната средина
во рамки на проектот

„ЕкоДијалог кон ЕУ: Поттикнување еколошки промени преку инклузивно застапување при креирање политики“

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

Ред. Бр.	Прашање	Одговор
1.	Во насоките за апликанти, кај целните групи со бројки има таргети за постигнување. Дали овие тагети треба да бидат постигнати со проектите?	Квантитативните таргети кај целните групи се однесуваат на проектот „ЕкоДијалог кон ЕУ: Поттикнување еколошки промени преку инклузивно застапување при креирање политики“. За проектните идеи за кои барате финансиска поддршка сами си ги одредувате таргетите
2.	Дали набавката на опрема и материјали е подобен трошок?	Во насоките за апликантите во делот 2.4.1 се наведени подобните и неподобните трошоци. Доколку опремата и материјалите се директно поврзани со остварување на целите на проектот се подобни трошоци.
3.	Во делот човечки ресурси, дали само се признаваат плати преку вработувања (со социјални придонеси) или може и персоналот да е ангажиран со договор на дело?	Нема ограничување, тоа зависи од внатрешната политика и постојна состојба на организацијата апликант.
4.	Дали постојат официјални обрасци за Анекс Г, Д и Ѓ, и ако да, каде можеме да ги преземеме?	Не постојат обрасци за овие анекси. За анекс Г – Изјава за партнерство прифатливо е изјава, меморандум за соработка. За Анекс Д – Годишен наративен извештај прифатлив е форматот во кој секое здружение го продготвува и Анекс Ѓ – Годишен финансиски извештај, се мисли на завршна сметка поднесена во Централен регистар.

Co-funded by the European Union

5.	Дали една организација има право да аплицира со повеќе од еден предлог проект во рамки на овој повик?	Не. Како што е наведено во Насоките за апликанти во делот 2.1.1 една организација може да аплицира само еднаш било како апликант или коапликант.
6.	Дали апликацијата треба да се однесува исклучиво на текстилен отпад, со оглед на тоа што посочените препораки се од студија за текстилен отпад?	Акцијата треба да адресира препораки од студијата за текстилен отпад.
7.	Дали потребниот документ за аплицирање Решение за регистрација е исто што и Тековна состојба?	Не е исто, но прифатлив е било кој од наведените документи.
8.	Дали е некаде ограничена количината на текст во апликацијата, освен во делот, КАПАЦИТЕТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА - Краток опис на организацијата, каде е наведен лимит од не повеќе од една страна, нема одреден лимит за другите полиња.	Нема лимит за број на страни на апликацијата.
9.	Анекс 4 – Изјава за партнерство, нема објавен образец за превземање. Дали постои официјален образец, и доколку не, дали е прифатлив образец подготвен од апликантот?	Види одговор на прашање бр. 4
10.	Согласно точка 2.1.2 партнери можат да бидат и компании од приватниот сектор. Дали компанијата сама по себе го задоволува условот за партнерство од точка 2.1.1, или е потребен и партнер од редот на граѓанските организации?	Во точка 2.1.1 е наведено кој може да биде носител на проектот. Во точка 2.1.2 кој може да биде партнер и/или придружен субјект.
11.	Дали е дозволено апликацијата да се поднесе со повеќе од еден партнер и дали постои ограничување на нивниот број?	Во точка 2.1.1 е наведено дека апликантот треба да има најмалку еден партнер.
12.	Дали јавно комунално претпријатие основано од општина може да има статус на партнер, или единствено е придружен субјект?	Види одговор на прашање бр. 10
13.	Дали за придружните субјекти е потребно да се достави документ (писмо за поддршка или меморандум) во прилог на апликацијата?	Да
14.	Во формуларот за аплицирање во точка V подточка 3 е наведено дека е потребно да се наведе годишниот буџет и бројот на	Да, техничка грешка е. Потребно е да се дадат информации за последните 3 години, односно 2025, 2024 и 2023.

	добиени грантови за 2014, 2015 и 2016 година. Ве молиме за информација дали се работи за техничка грешка?	
15.	Дали пропратните документи треба да се достават и за партнерската организација или само за водечката?	Само за водиечкиот апликант